SONY®

# Телевизор

## Упатство за употреба


Делови и контроли

Поврзување на ТВ со интернет

Гледање ТВ

Навигација низ Почетното мени

Гледање слики преку поврзана опрема

Дополнителни информации


BRAVIA

KDL-49WD75x / 43WD75x / 32WD75x

# Содржина

ВАЖНА ЗАБЕЛЕШКА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3
Информации за безбедност . . . . . . . . . . . . 3
Мерки на претпазливост . . . . . . . . . . . . . . . 5

## Делови и контроли

ТВ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 7
Далечински управувач . . . . . . . . . . . . . . . 8

## Поврзување на ТВ со интернет

Дотерување на интернет поврзување 10
Тип 1: Безбедна мрежа со Wi-Fi Protected Setup™ (WPS) . . . . . . . . . . . . . . . 10
Тип 2: Безбедна мрежа без Wi-Fi Protected Setup™ (WPS) . . . . . . . . . . . . . . . 11
Тип 3: Необезбедена мрежа со било кој тип на безжичен LAN рутер . . . . . . . . . . . 11
Тип 4: Дотерување на жичана мрежа . . 11
Подготовка на жичана мрежа . . . . . . . . . 12
Преглед на стаутс на мрежата . . . . . . . . 12
Ако не може да се поврзете со интернет . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 12
Политика на приватност . . . . . . . . . . . 12

## Гледање ТВ

Менување стил на гледање . . . . . . . . . 13
Менување формат на екран . . . . . . . . . . . 13
Дотерување избор на сцена . . . . . . . . . . . 13

## Навигација низ Почетно мени

Сите апликации . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .14
Photo Sharing Plus . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 14
Користење на ТВ како Photo Frame Mode . . . 14
Дигитална листа со програми . . . . . . . 15
Дигитален EPG . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .16
Снимки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .16
Медиум . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .16
Репродукција на фотографии/Музика/Видеопреку USB . . . . . . . . . . . . . . . . . . 16
Домашна мрежа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 17
Поврзување со домашна мрежа . . . . . . . 17
Рендерер . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 17
Приказ на дотерување на Медија сервери . . 18
Дотерувања . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .18
Системски дотерувања . . . . . . . . . . . . . . 18
Поддршка за корисниците . . . . . . . . . . . . .26

## Гледање слики од поврзаната опрема

Дијаграм за поврзување . . . . . . . . . . . 28
Користење на аудио и видео опрема 30
Користење на Screen mirroring . . . . . . . 30
Инсталирање на ТВ на ѕид . . . . . . . . . . . 31

## Дополнителни информации

Проблеми и можни решенија . . . . . . .32
Слика . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 32
Звук . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 33
Канали . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 33
Мрежа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 33
Општо . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .34
Спецификации . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .35

## Вовед

Ви благодариме што го избравте овој Sony проивод. Пред употреба на ТВ, прво прочитајте го внимателно овој прирачник и задржете го за понатамошна употреба.

### Забелешка

- Знакот “x” во името на моделот го означува дизајнот и бојата на ТВ.
- Пред да почнете со употреба на ТВ прво прочитајте ги “Информации за безбедност” (стр. 3).
- Сликите и илустрациите кои се користат во ова упатство, се само за референца и може да се разликуваат од производот.

## Локација на Упатството за конфигурирање

Упатството за конфигурирање е ставено врз перничето во пакетот.

## Место за ознаки за идентификација

Ознаки за број на моделот, датум на производство (месец/година) и номинална сила на струјата (во согласност со важечките прописи за безбедност) се наоѓаат на задниот дел од ТВ или на пакувањето.
Налепници за број на моделот и серискиот број на адаптерот за струја се наоѓаат на долниот дел од адаптерот.

# ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

ДА СПРЕЧИТЕ ШИРЕЊЕ ПОЖАР, СВЕЌИ И ДРУГИ ОТВОРЕНИ ПЛАМЕНИ ДРЖЕТЕ ГИ ПОДАЛЕКУ ОД ОВОЈ ПРОИЗВОД.






## Како да го замените осигурачот

Отворете го делот за осигурач со остар штрафцигер и заменете го осигурачот.
Видете на илустрацијата која е на самиот производ.

## ВАЖНА ЗАБЕЛЕШКА

Овој производ е произведен од страна на или во име на Sony Corporation, 1-7-1 Konan Minato-ku Токио, 108-0075 Јапонија. Прашања поврзани со усогласеноста врз основа на законските прописи на Европска унија се испраќаат до овластениот застапник,, Sony Belgium, bijkantoor van Sony Europe Limited, Da Vincilaan 7-D1, 1935 Zaventem, Belgium. За било каква услуга или прашања во врска со гаранцијата, обратете се на адресите наведени во гарантниот лист.

## Забелешка за безжичен сигнал

Со ова, Sony Corporation изјавува дека овој уред е во согласност со основните барања и други соодветни одредби од Директивата 1999/5/EZ.
За повеќе детали, обратете се на следната URL:
http://www.compliance.sony.de/

MK

## Информации за безбедност

### ВНИМАНИЕ

Батериите не смеат да се изложуваат на прекумерна топлина како што се сончева светлина, оган или слично.
ТВ не го ставајте на нестабилно место. ТВ може да падне и да предизвика сериозни повреди или смрт. Многу повреди, особено на деца може да се избегнат со преземање на едноставни мерки на претпазливост како:

- Користење на кабинети или држачи се препорачни од производителот на ТВ.
- Користете мебел на кој ТВ безбедно стои.
- Проверете аглите на ТВ да не излегуваат надвор од мебелот.
- ТВ не го ставајте на висок мебел (на пр., плакари или библиотека) без да ги фиксирате мебелот и ТВ за да обезбедите соодветна поддршка.
- ТВ не го ставајте врз ткаенина или други материјали кои може да се пикне меѓу ТВ и мебелот.
- Укажете им на децата за опасноста од качување на мебелот да го дофатат ТВ или неговите контроли.

Ако постоечкиот ТВ го задрѓите и преместите, истите мерки на претпазливост треба да се применат.

## Инталирање/дотерување

ТВ апаратот инсталирајте го во согласност со упатствата за избегнување на опасност од пожар, електричен удар или оштетување и/или повреда.

### Инсталирање

- ТВ апаратот треба да се инсталира во близина на лесно достапен штекер.
- ТВ приемникот ставете го на стабилна и рамна површина да спречите да падне или да дојде до лични повреди или оштетување на самиот телевизор.
- Инсталирајте го ТВ така што Држачот за маса не излегува надвор од масата за ТВ (одделно се продава).
  Ако Држачот за маса излегува надвор од масата за ТВ, може да предизвика ТВ да се превртни, падне и да предизвика повреда или штета на самиот ТВ.



- Инсталирањето треба да го направи исклучиво овластен сервисер.
- Од безбедносни причини, се препорачува да користете додатоци од Sony, вклучувајќи го и:
  Носач за држач за ѕид – SU-WL450
- Be sure to use the screws supplied with the Wall-Mount Bracket
  При инсталирање на ТВ на ѕид користете ги само завртките кои се испорачани со носачот. Испорачаните завртки се дизајнирани исклучиво за овој ТВ.
  Дијаметарот и должината се разликуваат во зависност од моделот на носачот за монтирање на ѕид.
  Употреба на други завртки освен тие кои се испорачани може да предизвикаат штета врз ТВ апаратот или ТВ може да падне.




## Преместување на ТВ

- Пред да го преместите ТВ, прво исклучете ги каблите.
- За преместување на ТВ потребни се двајца или тројца луѓе.
- При рачно преместување на ТВ, држете го како што е прикажано. Не вршете притисок врз LCD панелот и оквирот околу екранот.
- Кога го подигате или преместувате ТВ, држете го цврсто одоздола.



- При пренесување на ТВ апаратот, не го изложување на тресење или прекумерни вибрации.
- При пренесување на ТВ во сервис, спакувајте го во оригиналното пакување и материјал за пакување.

## Заштита од превртување

### KDL-49WD75x / 43WD75x




### KDL-32WD75x




## Вентилација

- Не ги покривајте отворите за вентилација или не ставајте ништо во куќиштето.
- Оставете простор околу ТВ како што е прикажано подолу.
- Строго се препорачува да се користи Конзола за монтирање на ѕид Sony за обезбедување соодветна циркулација

## Поставување на ѕид




Оставете најмалку олку простор околу апаратот

## Поставување на држач




Оставете најмалку олку простор околу апаратот

- Да обезбедите правилна вентилација и да спречите собирање на прашина и нечистотија:
  - ТВ апаратот не го оставајте да лежи рамно, не го ставајте во обратна положба, station наназад или од страна..
  - ТВ не го ставајте врз тепих, кревет или во плакар.
  - ТВ не го покривајте со ткаенина, како на пр. завеси или со предмети како на пр. весник и т.н.
  - ТВ не го поставувајте како што е прикажано подолу.

Блокирање на циркулација на воздух.



## Кабел за напојување

Да избегнете ризик од пожар, струен удар, оштета и/или повреди со кабелот за нпојување ракувајте на следниот начин:

— Користете го исклучиво испорачаниот оригинален Sony.
— Приклучокот вметнете го цврсто до крај во штекерот.
— ТВ вклучете го само на наизменично напојување од 220-240 V.
— При откачување на каблите, за ваша безбедност проверете дали е исклучен кабелот, внимавајте да не се сопнете од каблите.
— Исклучете го кабелот од мрежата од 220 V, преддаработите или да го преместувате ТВ.
— Кабелот држете го подалеку од извори на топлина.
— Исклучете го кабелот за напојување и редовно чистете го. Ако кабелот не е чист или има прашина и на него се формира влага, изолацијата може да се оштети и да предизвика пожар.

### Забелешка

- Испорачаниот кабел за напојување не го користите со друга опрема.
- Кабелот за напојување не го стегајте премногу, виткате или мотате. Жиците на кабелот може да се оштетат.
- Не го модифицирајте кабелот за напојување.
- Не ставајте тешки предмети врз кабелот за напојување.
- Не влезете за кабелот за напојување при откачување од штекер.
- Не приклучувајте премногу уреди на ист контакт.
- Не користете контакт кој не е стабилен.

## ЗАБЕЛЕШКИ ЗА АДАПТЕРОТ

### Предупредување

Да намалите ризик од пожар или струен удар, апаратот не го изложувајте на дожд или влага.
Да спречите опасност од пожар или удар, врз апаратот не ставајте предмети наполнети со течност, како на пр. вазна. Апаратот не го ставајте во затворен простор, како на пр. библиотека.

- Внимавајте во близина на апаратот да има лесно достапен штекер.
- Користете го испорачаниот адаптер и струјниот проводник.
- Не користите друг адаптер. Тоа може да предизвика дефект..
- Адаптерот приклучете го лесно достапен штекер.
- Струјниот проводник не го мотајте околу адаптерот. Средната жица може да се пресече и/или може да предизвика дефект на приемникот.



- Адаптерот не го допирајте со влажни раце.
- Доколку забележите неправилност кај адаптерот, веднаш исклучете го од струја.
- Апаратот не е исклучен од струја се додека е приклучен во штекер, дури и ако самиот апарат се исклучува.
- При долга употреба адаптерот се затоплува и може да почувствувате топлина ако го допрете со рака.

## Забранета употреба

ТВ не го поставувајте/користете на места, опркужување или ситуации кои се подолу наведени бидејќи може да се предизвика пожар, електричен удар, оштетување и/или повреда.

### Локации:

- Надвор (на директна сончева светлина), на плажа, брод, во возило, во болници, на нестабилни локации, во близина на вода, на дожд, влага или дим.
- Ако ТВ се постави во гардероба на јавна бања или топол извор, ТВ може да се оштети од сулфурот во воздухот.



- За најдобар квалитет на слика, екранот не го изложувајте на директно осветлување или на сонце.
- Избегнувајте преместување на ТВ од ладно на топло. Ненадејни промени на собната температура може да предизвикаат кондензација на влага. Ова може да предизвика лоша слика и/или лоша боја на тв. Ако се случи ова, причекајте влагата целосно да испари пред да го вклучите тв.

### Опкружување:

- Места кои се топли, влажни или интензивна прашина, каде што може да влезат инсекти; каде што може да биде изложен на механички вибрации, во близина на запаливи предмети (свеќи). ТВ не треба да биде изложен на предмети од кои капе или прска течност.
- ТВ не го ставајте во влажен или прашлив простор или во просторија со мрсен дим (во близина на шпорет или овлажнувач). Може да дојде до пожар,електричен удар или искривување.



- ТВ не го поставувајте на места подложни на екстремни температури како што се директна сончева светлина, близу радијатор или грејно тело. При такви услови ТВ може да прегрее и да предизвика деформирање на куќиштето или дефект на ТВ.





### Ситуации:

- Не го користите кога рацете ви се влажни, при извадено куќиште или со додатоци кои не се препорачани од производителот. При невреме и грмење ТВ исклучете го од штекер.
- ТВ не го поставувајте да биде испакант на отворен простор. Може да дојде до повреда или оштетување на лице или предметот кој ќе удри во ТВ



### Скршени делови:

- Не фрлајте ништо врз ТВ. Од ударот може да се скрши стаклото од екранот и да предизвика повреда.
- Ако површината на ТВ пукне, не го допирајте се додека не го исклучите од штекер. Во спротивно, може да дојде до електричен удар.

## Кога не се користи

- Ако ТВ нема да го користите неколку дена, треба да го исклучите од штекер од еколошки и безбедносни причини.
- Бидејќи ТВ не е исклучен од струја кога ќе го исклучите ТВ, откачете го утикачот од штекер за целосно исклучување на ТВ.
- Но, некои ТВ може да имаат функција која бара ТВ постојано да биде поврзан во струја за да работи правилно.

## За деца

- Не дозволувајте деца да се качат врз ТВ.
- Мали делови од алатот држете го настрана од дофат на деца, да не ги голтнат случајно.

## Ако се судрите со следните проблеми...

Веднаш исклучете го ТВ и извлечете го мрежниот проводник ако се судрите со следниве проблеми. Обратете се кај продавачот или сервисниот центар на Sony.

### Кога:

— мрежниот проводник е оштетен.
— мрежниот штекер лошо е ставен.
— ТВ е оштетен поради паѓање, удирање или е фрлено нешто врз него.
— преку отворите на куќиштето навлезена е течност или цврст предмет.

## За темепратурата на LCD мониторот

Кога LCD мониторот се користи подолго време околниот панел се затоплува. При допир со рака може да ја почувствувате топлината.

MK

## Мерки на претпазливост

### Гледање телевизија

- Гледајте ТВ на умерено осветлување, доколку гледате ТВ при слабо осветлување или при долго долго гледање ги напрегате очите.
- Ако користите слушалки дотерајте ја јачината на звукот да избегнете прекумерни нивоа зошто може да си го оштетите слухот.

### LCD екран

- Иако LCD екранот е направен со прецизна технологија и 99,99% или повеќе пиксели се ефективни, може да се појават црни или светли точки (црвена, плава или зелена) на LCD екранот. Ова е својствено за LCD екранот и не е дефект.
- Не го буткајте или гребете предниот филтер, ниту пак да ставате предмет врз ТВ. Сликата може да биде нерамна или LCD екранот може да се оштети.
- Ако овој ТВ се користи на ладно место, може да дојде до замаглување на сликата или сликата може да стане темна. Ова не е дефект. Овој феномен исчезнува со зголемување на температурата.
- Може да дојде до рефлектирање на сликата кога постојано се прикажува неподвижна слика. Ова може да исчезне по неколку моменти.
- Екранот и куќиштето се затоплуваат кога се користи ТВ. Ова не е дефект.
- LCD екранот содржи мала количина на течен кристал. Постапувајте според локалните закони и прописи за одложување на ТВ.

### Ракување и чистење на површината на екранот/кабинетот на ТВ уредот.

Исклучете го ТВ од електричното напојување пред чистење.
За да се избегне деградација на екранот, следете ги наредните препораки.

- За отстранување на прашината од екранот/кабинетот, нежно избришете го со мека ткаенина. Ако има наталожена прашина, избришете ги со мека ткаенина натопена вода во која има растворено мала количина неутрален детергент.
- Не прскајте вода или детергент директно на ТВ. Може да падне на дното од екранот или надворешните делови и да влезе во ТВ и може да предизвика оштетување на ТВ.



- Никогаш не употребувајте абразивни средства, силни растворувачи, абразивен прашок, или насилни растворувачи, како алкохол, бензин, или инсектицид. Употребата на овие материјали или продолжен контакт со нив може да ја изгребе или обезбои површината на екранот или кабинетот.
- Се препорачува периодично вакумерење на отворите за вентилација да обезбедите соодветна вентилација.
- Кога го прилагодувате аголот на ТВ, движете го бавно да спречите лизгање или испаѓање на ТВ од држачот.

### Опционална опрема

- Држете ја опремата која емитира електромагнетно зрачење подалеку од ТВ. Во спротивно може да се појави дисторзија на сликата и/или шум.
- Оваа опрема е тестирана и е во согласност со ограничувањата поставени во EMC Директивата за користење на кабел за поврзување пократок од 3 метри.

### Препорака за F-тип на приклучок

Испакнатоста на внатрешната жица од делот за поврзување мора да е помал од 1.5 mm.




(Референтен цртеж за F тип на приклучок)

### Внимание за ракување со далечинскиот

- Обезбедете правилен поларитет при ставање на батериите.
- Не користете различни типови на батерии заедно или да мешате стари и нови батерии.
- Внимавајте на околината при одложување на батериите. Некои региони имаа регулирани места за одложување батерии. Консултирајте се со овластени лица.
- Со далечинското ракувајте со нега. Не го испуштајте или не нагазувајте на него, или да не истурите течност врз него.
- Далечинското не го ставајте на места во близина на топлотни извори, на директна сончева светлина или влажна соба.

### Безжични функции на уредот

- Со овој уред не работете во близина на медицинска опрема (пејсмекер и т.н.), може да предизвика дефект на медицинската опрема.
- Иако овој уред пренесува/прима кодирани сигнали, внимавајте за неовластен прекин. Како резултат на ова, не преземаме никаква одговорност.

### Одложување на ТВ



**Исфрлање на стара електрична и електронска опрема (применливо во Европ ската унија и други земји со посебни собирни центри)**

Овој симбол на производот или на неговото пакување укажува дека тој не треба да се третира како обичен домашен отпад. Тој треба да се однесе во посебен собирен центар за рециклирање на електрична и електронска опрема. Со правилно исфрлање на овој производ, Вие ќе помогнете во спречувањето на потенцијалните негативни последици за опкружувањето и човековото здравје, што може да се предизвикаат со неправилно исфрлање на овој производ.
Рециклирањето на материјалите ќе допринесе за зачувување на природните ресурси. За подетални информации околу рециклирањето на овој производ, Ве молиме, контактирајте ја локалната компанија за рециклирање, отпад или продавницата каде што сте го купиле производот.



**Исфрлање на батерии (апликативно во Европската Унија државите со посебни колективни системи за рециклирање)**

Овој симбол на батеријата или на нејзиното пакување, укажува дека батеријата испорачана со овој производ не треба да се третира како обичен домашен отпад. Некои батерии може да се означени со хемиски знак. Хемискиот симбол за жива (Hg) или олово (Pb) се ставаат на батерии кои содржат повеќе од 0.0005% жива или 0.004% олово. Со правилно исфрлање на батериите, Вие ќе помогнете во спречувањето на потенцијалните негативни последици за опкружувањето и човековото здравје, што може да се предизвикаат со неправилно исфрлање на овој производ.
Рециклирањето на материјалите ќе допринесе за зачувување на природните ресурси. Во случај да уредот треба да е постојано поврзан со вградената батерија, за зачувување, безбедност или интегритет на податоците, оваа батерија треба да се заменува само од квалификуван сервисен персонал. За да обезбедите правилен третман на батериите, однесете ги при крај на нивниот животен век во собирен центар за рециклирање на електрична и електронска опрема.
За правилно и безбедно отстранување на сите типови батерии од апаратот, прочитајте го упатството за вадење на батериите од уредот.
Однесете ги батериите во собирен центар за рециклирање на електрична и електронска опрема. За подетални информации околу рециклирањето на батериите, Ве молиме, контактирајте ја локалната компанија за рециклирање, отпад или продавницата каде што сте го купиле производот.

# Делови и контроли

## ТВ







### 1 CAM (Conditional Access Module)

- Обезбедува пристап до платени ТВ сервиси. За детали видете во упатството за употреба испорачано со CAM.
- Не ставајте картички директно во ТВ TV CAM слото. Мора да се вклопи во Conditional Access Module обезбеден од овластениот продавач.
- CAM не е поддржан во некои земји/подрачја. Проверете кај овластен продавач.
- CAM порака може да се прикаже кога ќе префрлите во дигитален програм по користење на интернет видео.

### 2 ⏻ (Power) / + / –

Кратко допрете на ⏻ за вклучување на ТВ.
Долго допрете ⏻ додека не се исклучи ТВ.
**Кога ТВ е вклучен,**
**Јачина на тон**
Допрете на + или – копчето за зголемување/намалување на тон.
Може да допрете и ⏻ додека 🔊 не се прикаже. Зголемување/намалување на тон со допирање на + или – копчињата.
**Влез**
Допрете ⏻ додека ⇥ не се прикаже.
Преместување на избраниот извор со допирање на + (горе) или – (долу) копче.
**Програми**
Допрете ⏻ додека **PROG** не се прикаже.
Изберете програма со допирање на + (следно) или – (претходно) копче.

### 3 (Сензори/LED индикатор)

- Добива сигнал од далечинскиот управувач. Не ставајте ништо врз сензорот. Ова може да ја спречи неговата работа.
- Свети жолто кога тајмерот за спиење или кога е дотерано [Автоматско вклучување] (стр. 24) или ТВ е во режим на Фоторамка (стр. 14).
- Светнува бело кога [Power Saving] е дотеран во [Picture Off] (стр. 26).
- Светнува бело кога ТВ е вклучен.
- Не свети кога ТВ е во режим на подготвеност.
- Трепка при работа со далечинскиот управувач.

**Забелешка**

- Уверете се дека ТВ целосно е исклучен пред да го извадите AC кабелот од штекер.
- За целосно исклучување на ТВ од струја, извлечете го приклучокот од штекер.
- Почекајте кратко кога влезот го менувате во друг влез.

# Далечински управувач

Форма, локација, достапност и работа на копчињата на далечинскиот управувач може да се разликуваат во зависност од регионот/земјата/ТВ моделот.




**1** ⊕/⊜ **(Input select / Text hold)**

- Приказ и избор на влезен извор.
- Во текстуален режим ја задржува моменталната страна.

**2** **DIGITAL/ANALOG**

Менување меѓу дигитален и аналоген влез.

**3** **Нумерички копчиња**

- Избор на канали. За канали со бројот 10 и нагоре брзо внесете ја следната бројка.
- Во текстуален режим внесете троцифрен број на страница за да изберете страница.

**4** **EXIT**

Враќање на претходен екран или излез од менито. Кога е достапен сервис со Интерактивна апликација, допрете за излез од сервисот.

**5** **Копчиња во боја**

Приказ на прирачник за работа (кога има достапни коплиња во боја).

**6** **NETFLIX (Само за ограничен регион/земја/ТВ модел)**

Пристап до “NETFLIX” онлајн сервис.

**7** ⓘ/⑦ **(Info / Text reveal)**

- Приказ на информација. Допрете еднаш за приказ на информации за програмата/влезот кој го гледате. Повторно допрете за отстранување на информацијата од екранот.
- Во текстуален режим покажува скриени информации (на пр. одговори на прашања).

**8** **SLEEP**

Допрете непрекинато се додека на ТВ не се прикаже време во минути ([Off]/[15 мин]/[30 мин]/ [45 мин]/[60 мин]/[90 мин]/[120 мин]) за колку време сакате да се исклучи ТВ. За откажување на тајмерот за спиење, допрете **SLEEP** додека не се прикаже [Off].

**9** ⇧/⇩/⇦/⇨/⊙ **(Item select / Enter)**

- Избор или прилагодување на мени.
- Потврдување на избраното мени.

**10** **RETURN**

- Враќање во претходен екран на секое прикажано мени.
- Запирање на репродукција на слики/музика/видео фајлови.

**11** **HOME**

Приказ или излез од менито.

**12** ◿ **+/– (Volume)**

Прилагодување на јачина на тон.

13 **AUDIO**

Изберете звук на повеќејазичен извор или двоен звук за програма која моментално ја гледате (Во зависност од програмот).

14 **(Subtitle)**

Менување дотерување на превод (стр. 20).

15 **◄◄/►/►►/I◄◄/II/►►I/■**

- Работа со соодветна опрема компатибилна со BRAVIA Sync.
- Ова копче може да се користи за работа за репродукција на VOD (Видео на барање) сервис. Достапноста зависи од VOD сервисот.

**●REC (Не е достапно за Италија)**

- Снимање моментална програма со USB HDD функција за снимање.

16 **I/⏻ (TV standby)**

Вклучување на ТВ или префрлање во режим на подготвеност.

17 **SYNC MENU**

Допрете да се прикаже менито BRAVIA Sync и потоа изберете ја поврзаната HDMI/MHL опрема од [Избор на уред]. Од менито BRAVIA Sync можат да бидат избрани следните опции.

**Контрола на уреди:**
Користете [Device Control] за управување со опрема компатибилна со Контроли за BRAVIA Sync. Изберете меѓу опциите [Home (Menu)], [Options], [Content List] и [Power Off] да управувате со опремата.

**Звучници:**
Изберете [TV Speakers] или [Audio System] за емитување на ТВ звук од ТВ звучниците или од поврзаната аудио опрема.

**ТВ контрола:**
Користете го менито [TV Control] за да управувате со ТВ од менито [Home (Menu)] или [Options].

**Враќање на ТВ:**
Изберете ја оваа опција да се вратите на ТВ програмата.

18 **(Text)**

Во текстуален режим ги прикажува емитуваните текстови.

При секое допирање на , екранот се менува на следниот начин:
Текст → Текст на слика о ТВ (мешан режим) → Без текст (се прикажува од услугата за текст)

19 **GUIDE (EPG)**

Приказ на дигитален електронски програмски водич (EPG) (стр. 16).

20 **OPTIONS**

Допрете за приказ на листа која содржи кратенки на некои менија со дотерувања. Наведените опции варираат во зависност од тековниот влез и содржината.

21 **(Jump)**

Враќање во претходен канал или влез видени пред повеќе од 15 секунди.

22 **PROG +/–/ / **

- Избор на следен (+) или претходен (–) канал.
- Во текстуален режим изберете следна ( ) или претходна ( ) страна.

23 **(Mute)**

Пригушување на звук. Повторно допрете за вклучување на звукот.

24 **TITLE LIST (Не е достапно во Италија)**

Приказ на листа со наслови.

25 **(Wide Mode)**

Регулирање на екранот. Допрете неколку пати да изберете сакан шриок режим (стр. 13).

Совет

- Бројот **5**, **►**, **PROG +** и **AUDIO** и копчињата AUDIO имаат сензибилна точка. Користете ја оваа точка како помош при работа со ТВ.

Забелешка

- Ако сте избрале превод и корисник на апликација за дигитален текст од копчето “текст” во некои случаи преводот може да престане да се прикажува. Кога корисникот ќе излезе од апликацијата за дигитален текст, декодирањето на текстот автоматски ќе се врати.

# Дотерување на интернет поврзување

За користење на мрежни карактеристики на ТВ, тој треба да е поврзан со интернет. Постапката за дотерување зависи од типот на мрежата и LAN рутерот. Пред да направите интернет поврзување, прво дотерајте го LAN рутерот. Проверете го безжичното LAN опкружување со помош на следната табела.

**Безжичен LAN**

| Прашање | НЕ |
|---|---|
| Безбеден безжичен LAN? | ⇨ **Тип 3** |
| ДА ⬇ | |
| Дали користите безжичен LAN рутер компатибилен со Wi-Fi Protected Setup™ (WPS)? | ⇨ **Тип 2** |
| ДА ⬇ **Тип 1*** | |

**Жичан LAN ➡ Тип 4**

* Тип 1 е полесен за дотерување ако вашиот рутер има копче за автоматско дотерување, пр. Air Station One-Touch Secure System (AOSS). Повеќете од новите рутери ја имаат оваа функција. Проверете го вашиот рутер.

**Тип 1:** Проследете ја конфигурацијата за **Заштитена мрежа со Wi-Fi Protected Setup™ (WPS)**.

**Тип 2:** Следете ја конфигурацијата за **Заштитена мрежа без Wi-Fi Protected Setup™ (WPS)**.

**Type 3:** Следете ја конфигурацијата за **Незаштитена мрежа со било кој тип на безжичен LAN рутер.**

**Type 4:** Следете ја конфигурацијата за **Дотерување на жичана мрежа.**

## Тип 1: Заштитена мрежа со Wi-Fi Protected Setup™ (WPS)

WPS стандардот ја прави безбедноста на домашна безжична мрежа јака со допирање на WPS копчето на безжичниот LAN рутер. Пред да го дотерате безжичниот LAN, проверете ја локацијата на WPS копчето на рутерот и потврдете како да го користите.
За безбедносни цели, [WPS (PIN)] овозможува PIN код за рутерот. PIN се обновува секогаш кога ќе изберете [WPS (PIN)].

**1** **Допрете HOME и изберете [Settings] → [System Settings] → [Set-up] → [Network] → [Network Set-up].**

**2** **Дотерување IP адреса/Прокси сервиер:**
-автоматско дотерување:
[Set up network connection] → [Easy]
-рачно дотерување:
[Set up network connection] → [Expert] → [Wired Set-up] or [Wireless Set-up]

**3** **Изберете [WPS (Push Button)] за Push Button методa или [WPS (PIN)] за PIN методa.**

**Забелешка**
Име на копчето на WPS може да се разликува во зависност од рутерот (пр. AOSS копче).

**4** **Следете ги инструкциите на екранот за дотерување.**

**Забелешка**
- Ако користите WPS за мрежно дотерување, дотерувањата за безбедност на безжичниот LAN рутер се активира и опремата претходно поврзана со безжичниот LAN во небезбеден статус ќе се исклучи од мрежата. Во овој случај, активирајте го безбедносното дотерување на исклучената опрема и потоа повторно поврзете ја. Или, може да го деактивирате безбедносното дотерување на безжичниот LAN рутер и потоа да ја поврзете опремата во ТВ во небезбеден статус.
- За користење на мрежата со IPv6, изберете [Settings] → [System Settings] → [Set-up] → [Network] → [IPv6/ IPv4 Priority] → [IPv6], потоа изберее [Easy] во [Set up network connection].
- Кога е избрано IPv6, HTTP Прокси не може да се дотера.

## ТТип 2: Заштитена мрежа без Wi-Fi Protected Setup™ (WPS)

За дотерување на безжичен LAN, потребно е SSID (име на безжична мрежа) и безбедносен клуч (WEP или WPA клуч). Ако не ги знаете, видете во упатството за употреба на рутерот.

**1** **Допрете HOME и изберете [Settings] → [System Settings] → [Set-up] → [Network] → [Network Set-up].**

**2** **Дотерување IP адреса/Прокси сервер:**
-автоматско дотерување:
[Set up network connection] → [Easy]
–рачно дотерување:
[Set up network connection] → [Expert] → [Wired Set-up] or [Wireless Set-up]

**3** **Изберете [Scan], потоа изберете мрежа од листата на скенирани безжични мрежи**

**4** **Следете ги инструкциите на екранот за дотерување.**

**Забелешка**
- За користење на мрежа со IPv6, изберете [Settings] → [System Settings] → [Set-up] → [Network] → [IPv6/ IPv4 Priority] → [IPv6], потоа изберете [Easy] во [Set up network connection].
- Кога ќе изберете IPv6, не може да се дотера HTTP Прокси.
- Проверете го опкружувањето дали е безбедно при внесување на лозинката.

## Тип 3: Небезбедна мрежа со било кој тип на безжичен LAN рутер

За дотерување на безжичен LAN, потребно е SSID (име на безжична мрежа).

**1** **Допрете HOME и изберете [Settings] → [System Settings] → [Set-up] → [Network] → [Network Set-up].**

**2** **Дотерување IP адреса/Прокси сервер:**
-автоматско дотерување:
[Set up network connection] → [Easy]
-рачно дотерување:
[Set up network connection] → [Expert] → [Wired Set-up] or [Wireless Set-up]

**3** **Изберете [Scan], потоа изберете мрежа од листата на скенирани безжични мрежи.**

**4** **Следете ги инструкциите на екранот за дотерување.**

**Забелешка**
- Не е потребен безбеден клуч (WEP или WPA клуч) бидејќи не треба да бирате метод за безбедност во оваа постапка.
- За користење на мрежа со IPv6, изберете [Settings] → [System Settings] → [Set-up] → [Network] → [IPv6/ IPv4 Priority] → [IPv6], потоа изберете [Easy] во [Set up network connection].
- Кога е избран IPv6, не може да се дотера HTTP Прокси.

## Тип 4: Дотерување жичана мрежа

Ако е потребно внесете соодветна алфанумеричка вредност за рутер. Менијата кои треба да се дотераат (пр. IP адреса, Subnet Mask, DHCP) може да се разликуваат во зависност од интернер провајдерот или рутерот. За детали, видете во упатството за употреба испорачано од интернет провајдерот или испорачано со рутерот.

**1** **Допрете HOME и изберете [Settings] → [System Settings] → [Set-up] → [Network] → [Network Set-up].**

**2** **Дотерување IP адреса/Прокси сервер:**
-автоматско дотерување:
[Set up network connection] → [Easy]
-рачно дотерување:
[Set up network connection] → [Expert] → [Wired Set-up] or [Wireless Set-up]

**3** **Следете ги инструкциите на екранот за дотерување.**

[Network Set-up] може да се дотера и преку [Auto Start-up] менито.

**Забелешка**
- Овозможете автоматска конфигурација на важата жичана/безжична мрежа.
  - При поврзување со LAN кабел: Жичано
  - При поврзување со вграден безжичен LAN: Безжично
  - При поврзување со двата кабла: Жичано
- Дотерајте во [Easy], дотерајте автоматска IP адреса. За прокси сервер не се користи.
- За користење мрежа со IPv6, изберете [Settings] → [System Settings] → [Set-up] → [Network] → [IPv6/ IPv4 Priority] → [IPv6], потоа изберете [Easy] во [Set up network connection].
- Кога е избрано IPv6, не може да се дотера HTTP Прокси.

## Подготовка на жичана мрежа




Забелешка
- За LAN поврзување, користете кабел од категорија 7 (одделно се продава).

## Преглед на статус на мрежата

Можете да го потврдите статусот на мрежата.

1 Допрете **HOME** и изберете [Settings] → [System Settings] → [Set-up] → [Network] → [Network Set-up].

2 Изберете [View Network setting and status].

# Ако не можете да се поврзете со интернет

Користете дијагноза за проверка на можни причини за неуспешно мрежно поврзување и дотерување.

1 Допрете **HOME** и изберете [Settings] → [System Settings] → [Set-up] → [Network] → [Network Set-up].

2 Изберете [View Network setting and status].

3 Изберете [Check Connection].
Ова може да потрае неколку минути. Не може да ја откажете дијагнозата откако ќе изберете [Check Connection].

# Политика за приватност

Кога ги користите следните функции да се поврзете со интернет, одредени информации се праќаат на глобалниот сервис на Sony, на кој се собираат личните информации и потребен е договор за користење на овој сервис.
- Системско ажурирање на софтверот со поврзување на глобалниот сервер на Sony преку интернет.
- Интернет содржини или други интернет сервиси од провајдери како на пр. Youtube.

Овој ТВ има екранско дотерување во Auto Startup или Setting Menu за потврдување на догововорот со ова откако сте ги прочитале деталите во Политика за првиатност. Ако сакате да ја користите оваа функција, прво проверете [Agree] во секое екранско дотерување. Ако е означено [Disagree], горните две функции не се достапни.
Но, и во ваков случај, ако [On] е избрано во [Automatic Software Download] во Auto Start-up или Setting Menu, ажурирање на системскиот софтвер е достапно.
Може да го смените ова дотерување со допирање на **HOME**, потоа изберете [Settings] → [System Settings] → [Set-up] → [Privacy Policy].

# Гледање ТВ

**1** Допрете ⏻ на ТВ или I/⏻ на далечинскиот управувач да го вклучите ТВ.

**2** Допрете **DIGITAL/ANALOG** да префрлите меѓу дигитален и аналоген режим.

**3** Допрете ги копчињата со бројки или **PROG +/–** да изберете ТВ канал.

**4** Допрете ◿ +/– за регулирање тон.

### Во дигитален режим

За кратко се прикажува банер со информација. На банерот може да се прикажат следните икони.

- : Информација за услуга
- : Радио сервис
- : Кодирана/платена услуга
- : Достапни се неколку аудио јазици
- : Достапни преводи
- : Достапни се преводи и/или звук за лица со оштетен слух
- (18): Препорачана минимална возраст за моменталната програма (од 3 до 18 години)
- : Родителска контрола
- : Заклучување на дигитален програм
- AD: Достапен звук за лица со оштетн вид
- : Достапна синхронизација на превод
- : Достапен е повеќеканален звук

# Менување стил на гледање

## Менување формат на екран

**1** Допрете ⊞ непрекинато да изберете формат на екран.

[Широк зум]*



[Нормал]



[Цел]]



[Зум]*



[14:9]*



* Делови од горниот и долниот дел на сликата може да бидат отсечени.

**Забелешка**

- Не може да изберете [14:9] за HD фотографии.

**За HDMI PC влез(PC тајминг))**

[Normal]



[Full 1]



[Full 2]



## Дотерување Избор на сцена

**1** Допрете **OPTIONS**.

**2** Допрете ⇧/⇩ потоа ⊕ да изберете [Scene Select].

Кога ќе изберете опција по желба, автоматски се дотеруваат оптимален квалитет на звук и слика за избраната сцена. Опциите што можете да ги изберете може да се различни. Опциите кои не се достапни се сиви.

# Навигација низ Home Menu

Копчето HOME овозможува пристап до повеќе дотерувања и функции  на ТВ.

# Сите апликации

Интернет содржината обезбедува разни содржини на директно до ТВ. Може да уживате во интернет содржина, Photo Sharing Plus, Photo Frame Mode и FM Radio.

**Забелешка**
- Поврзете го ТВ со интернет и завршете со [Network Set-up] (стр. 23).

## Користење на интернет содржина

1 Допрете **HOME** и изберете [All Apps].

2 Допрете ⇧/⇩/⇦/⇨ да изберете интернет сервис од листата со сервиси и допрете ⊕.

3 Допрете ⊕ да активирате интернет содржина.

## За излез од интернет содржина

Допрете **HOME**.

**Забелешка**
- Ако почувствувате потешкотии со оваа карактеристика, проверете дали е правилно направен интернет поврзувањето
- Интерфејсот на интернет содржините зависат од интернет провајдерот.
- Да ажурирање на интернет сервиси, допрете **HOME**, потоа изберете [Settings] → [System Settings] → [Set-up] → [Network] → [Refresh Internet Content].

## За користење на NETFLIX

Допрете на **NETFLIX** на далечинското за активирање на менито.

**Забелешка**
- Можно е да не може да се користи Netflix преку Прокси сервер.

## Photo Sharing Plus

Поврзете, копирајте и гледајте  фотографии на ТВ преку уреди (пр. паметен телефон или таблет).

**HOME → [All Apps] → [Photo Sharing Plus]**

**Забелешка**
- Следете ги инструкциите на екран да го поврзете уредот со ТВ.
- Отворете веб пребарувач на уредот откако ќе ги направите сите поврзувања, потоа следете ги инструкциите на екран да пристапите на URL.

## Приказ на фотографија на ТВ

1 Допрете на уредот да почнете.

2 Изберете фотографија.
Избраната фотографија автоматски ќе се прикаже на Тв.

## Зачувување прикажана фотографија на ТВ

1 Допрете на мала сликичка на уредот и држете на фотографијата да се отвори мени.

2 Изберете [OK].

**Забелешка**
- Поврзете USB уред да зачувате до 50 фотографии.
- Истовремено со ТВ може да поврзете до 10  паметни телефони или таблети
- Максимална големина на фајл на секоја фотографија е 20 MB.
- Може да пуштите и музика во позадина со максимална големина на фајл од 30 MB.
- Стандарден пребарувач за Android 2.3 или понов е поддржан.
- Стандарден пребарувач за iOS е поддржан; но, некои функции не може да се користат зависно од верзијата на вашиот iOS.

## Користење на ТВ како Photo Frame Mode

Photo Frame Mode прикажува часовник и календар истовремено со прикажување на фотографија и слушање музика или FM радио.

**HOME → [All Apps] → [Photo Frame Mode]**



## За активирање на Photo Frame за време на репродукција на USB

**1** **Допрете OPTIONS, при репродукција на фотографија или музика.**

**2** **Допрете ⇧/⇩ потоа ⊕ да изберете [Photo Frame Mode] за активирање Photo Frame.**

## За избор на режим на прикажување

Можете да го смените прикажувањето на фото рамката ако изберете [Display Mode] во [Photo Frame Settings] (стр. 24).

## Да изберете режим на прикажување на часовник

Можете да изберете меѓу три режима на прикажување на часовникот ако изберете [Clock Display] во [Photo Frame Settings] (стр. 24).

**Забелешка**

- Овој телевизор нема дополнителна батерија за часовникот. Затоа, ако има прекин во електричната мрежа, треба да ги дотерате датумот и времето.

## Траење

За да заштедите енергија, ТВ работи непрекинато во режим на Photo Frame Mode во текот на 24 часа, по што автоматски се исклучува. По автоматското исклучување режимот Photo Frame Mode  не го користите еден час да избегнете прегорување на плочата.
Можете да го смените дотерувањето на [Duration] во [Photo Frame Settings] (стр. 24).

Да избегнете прегревањена плочата, положбата на сликата, часовникот и календарот  автоматски се менуваат на секој час.

# Листа со дигитални програми

**1** **Допрете HOME во дигитален режим.**

**2** **Допрете ⇧/⇩ потоа ⊕ да изберете [Digital Programme List].**




**3** **Допрете ⇧/⇩/⇦/⇨ потоа ⊕ да изберете програма.**

## Користење на листа со омилени

Функцијата Приоритети Ви овозможува да направите четири листи со омилени програми. Додека гледате телевизија, допрете на ⊕ да направите или да ја прикажете листата со омилени програми.

**Совет**

- на синото копче за уредување на листата со омилени. Следете ги инструкциите на дното од екранот.

# Дигитален EPG

1 Допрете GUIDE во дигитален режим.



2 Допрете ⇧/⇩/⇦/⇨ потоа ⊕ да изберете програма.

# Снимки

## (Функцијата не е достапна во Италија)

1 Допрете **HOME** во дигитален режим.

2 Допрете ⇧/⇩ потоа ⊕ да изберете [Recordings].

3 Допрете ⇧/⇩ потоа ⊕ да изберете [Title List], [Timer List], [Error List] или [Manual timer REC].

Забелешка

- Допрете на ● **REC** копчето да ја зачувате моментално гледана програма со функцијата USB HDD снимач.
- Поврзете HDD во ТВ пред да снимате.

# Медиум

## Репродукција Фото/Музика/Видео преку USB

Може да уживате во фотографии/музика/видео фајлови зачувани на Sony дигитален фотоапарат или камера преку USB кабел или USB меморија.

1 Поврзете поддржан USB уред во ТВ.

2 Допрете **HOME**.

3 Допрете ⇧/⇩ потоа ⊕ да изберете [Media].

4 Допрете ⇧/⇩ потоа ⊕ да изберете [Photo], [Music] или [Video].

5 [Device Selection] се прикажува. Допрете ⇧/⇩ потоа ⊕ да изберете уред.

6 Допрете ⇧/⇩/⇦/⇨ потоа ⊕ да изберете фајл или папка.

### Опции за репродукција

Допрете на црвеното копче во преглед на сликички за приказ на листа за дотерување на USB репродукција.

### За прилагодување на квалитет на слика и звук на USB медиумот

Допрете **OPTIONS** при репродукција на медиум потоа изберете [Picture] или [Sound].

Забелешка

- Допрете ⇧/⇩/⇦/⇨ потоа ⊕да изберете и прилагодите ставка.

### Репродукција на фото како слајд шоу (Photo)

1 Допрете на зеленото копче во поглед на сликичките за стартување на слајдшоу. За да дотерате [Slideshow Effect] и [Slideshow Speed], допрете **OPTIONS** → [Playback Options].
Запирање на слајдшоуто допрете **RETURN**.

Забелешка

- Додека ТВ користи податоци од USB уредот, внимавајте на следното:
  – Не го исклучувајте ТВ.
  – Не го вадете USB кабелот.
  – Не го вадете USB уредот.
  Податоците во USB уредот може да се оштетат.
- Sony не сноси одговорност за повреда или загуба на податоците поради несиправност на некој од поврзаните уреди или телевизорот.
- Датотечниот систем на USB уредот поддржува FAT16, FAT32 и NTFS.
- Името на датотеката и папката може да не се прикажува правилно во некои случаи.
- Кога ќе поврзете дигитален фотоапарат Sony, дотерајте го режимот на USB поврзување на фотоапаратот во Auto или Mass Storage. За повеќе информации за режимот за USB поврзување видете ги упатставата испорачани со вашиот дигитален фотоапарат.
- Користете USB меморија копатибилна со стандардите за USB меморија.
- Ако избраната датотека има неправилна или нецелосна информација не може да се репродуцира.

**USB видео формат**

- AVI (.avi)
  Видео кодекс: MPEG1, MPEG2, Xvid, MPEG4, H.264, Motion JPEG
  Аудио кодекс: PCM, MPEG1 Layer1/2, MPEG2 AAC (2ch), MPEG4 AAC (2ch), MPEG4 HE-AAC (2ch), Dolby Digital (2ch), Dolby Digital Plus(2ch), WMA v8, MP3
- ASF (.wmv, .asf)
  Видео кодекс: WMV v9, Xvid, VC-1
  Аудио кодекс: MP3, WMA v8
- MP4 (.mp4, .mov, .3gp)
  Видео кодекс: MPEG4, H.264, H.263, Motion JPEG
  Аудио кодекс: MPEG1 Layer1/2, MP3, MPEG2 AAC, MPEG4 AAC, MPEG4 HE-AAC
- MKV (.mkv)
  Видео кодекс: WMV v9, MPEG4, H.264, VC-1, VP8
  Аудио кодекс: PCM, MPEG1 Layer1/2, MP3, MPEG2 AAC (2ch), MPEG4 AAC (2ch), MPEG4 HE-AAC (2ch), Dolby Digital (2ch), WMA v8, Dolby Digital Plus (2ch), DTS, DTS 2.0, VORBIS
- WebM (.webm)
  Видео кодекс: VP8
  Аудио кодекс: VORBIS
- PS (.mpg, .mpeg, .vro, .vob)
  Видео кодекс: MPEG1, MPEG2
  Аудио кодекс: MPEG1 Layer1/2, MP3, Dolby Digital (2ch), Dolby Digital Plus (2ch), DTS, DTS 2.0
- TS (.ts, .m2ts)
  Видео кодекс: MPEG2, H.264, VC-1
  Аудио кодекс: MPEG1 Layer1/2, MP3, MPEG2 AAC, MPEG4 AAC, MPEG4 HE-AAC, Dolby Digital, Dolby Digital Plus (2ch), DTS, DTS 2.0

**USB музички формат**

- LPCM (.wav)
- MPEG1 audio layer3 (.mp3)
- WMA v8 (.wma)

**USB фото формат**

- JPEG (.jpg, .jpeg)

**Забелешка**

- Не се гарантира репродукција на горенаведените фајл формати.

# Домашна мрежа

## Поврзување со домашна мрежа

Може да уживате во разна содржина (пр. фото/музика/видео фајлови) зачувани на DLNA Certified™ медиа сервери. Карактеристиките на домашната мрежа овозможу да уживате во мрежна содржина во други простории.

### Репродукција на фото/музика/видео

**1** **Допрете HOME, потоа изберете [Media] → [Photo], [Music] или [Video] → медиа сервер по избор.**

**2** **Изберете фајлови или папки за репродукција.**

**Забелешка**

- Серверот треба да биде DLNA Certified™.
- Фајлови од мрежни уреди треба да бидат во следните формати:
  - Фотографии: JPEG
  - Музика: MP3, линеарна PCM, WMA
  - Видео: AVCHD, MPEG2, MPEG1, MP4 (AVC), MP4 (MPEG4), WMV
- Во зависност од фајлот, може да се случи да не може да се репродуцира дури и кога користите поддржани формати.

## Рендерер

Може да репродуцирате фото, музички и видео фајлови зачувани на мрежен уред (пр. дигитален фотоапарат, мобилни телефони, компјутер) на ТВ екран директно ракувајќи со уредот. Мрежата треба исто така да биде рендерер-компатибилна.

### Прилагодување на рендерерот

Допрете **HOME**, потоа изберете [Settings] → [System Settings] → [Set-up] → [Network] → [Home Network Setup] → [Renderer].

## Приказ на дотерување на медиа сервери

Изберете домашен мрежен сервер да се прикаже на Home менито. Може да се прикажат до 10 сервери.

**1** Допрете **HOME**, потоа изберете [Settings] → [System Settings] → [Set-up] → [Network] → [Home Network Setup] → [Server Display Settings].

**2** Изберете сервер за приказ во Home менито.

# Дотерувања

## Системски дотерувања

Забелешка

- Опциите кои можете да ги дотерате се различни во рални случаи. Опциите кои не може да се дотераат се сиви или не се прикажуваат.
- Сателитски функции се достапни само за модели со сателит.

### Слика

#### Режим за слика

Дотерување на режим на слика.

#### Ресетирање

Ресетирање на фабричките достарувања за [Picture] освен [Picture Mode]

#### Позадинско светло

Дотерување осветленост на позадина.

#### Контраст

Зголемување или намалување контраст на слика.

#### Осветленост

Осветлување или затемнување слика.

#### Боја

Зголемување или намалување интензитот на боја.

#### Нијанси

Зголемување или намалување на зелените и црвените тонови.

#### Температура на боја

Регулирање бела боја на сликата.

#### Острина

Сликата ја прави поостра или поматна.

#### Реални креации

Прилагодување финеси и шум на реална слика.

**Резолуција:** Прилагодување финеси и јасност. Изберете [Manual] да прилагодите реална креација

#### Намалување бучава

Reduces the picture noise (snowy picture) in a weak broadcast signal.

#### MPEG Noise Reduction

Намалување на шум на слика (слика со снег) при слаб сигнал.

#### Режим Филм

Обезбедува подобри движења на сликата при репродукција на BD (Blu-ray Disc), DVD или слики од филм од видеорекордер. Изберете [Auto] за приказ на оригинална филмска содржина без промена.

Забелешка

- Ако сликата содржи неправилни сигнали или премногу бучава, [Film Mode] автоматски се исклучува дури и ако е избрано if [Auto].

#### Напредни дотерувања

Подетални дотерувања на [Picture].

**Ресетирање:** Враќање на фабричките дотерувања.

**Дополнително засилување на контраст:** Автоматски прилагодува [Backlight] и [Contrast] за најсоодветно дотерување за темни сцени.

**Корекција на црна боја:** Подобрување на црни места во сликата со појак контраст.

**Домет:** Регулирање на балансот меѓу јаки и темни места на сликата.

**Чисто бело:** Ја појачува белата боја.

**Живи бои:** Боите ги прави поживи.

**Режим LED движ.:** Намалување на заматеност на филмовите како извор на LED осветлување, но светлоста се намалува.

## Звук

### Режим на звук
Изберете во зависност од содржината што ќе ја слушате.

### Ресетирање
Ресетирање на [Equaliser], [Clear Voice], [Auto Volume], [Balance] и [Volume Offset] дотерувања.

### Еквилајзер
Дотерување  фреквенција на звук.

### Јасен звук
Гласот го прави појасен.

### Автоматска јачина на звук
Минимизирање разлика на нивоа на звук меѓу програмите и рекламите.

### Баланс
Нагласување баланс на лев и десен звучник.

### Пренасочување на засилувањето
Регулирање на силата на звук на тековниот влез према останатие влезови.

### Избор на звук
Дотерување звук од звучникот во [Mono], [Stereo], [A] или [B].

Забелешка
- Ако сигналот е многу слаб, звукот автоматски се префрла во моно.
- Ако стерео сигналот има шум при примање NICAM програма, изберете [Mono]. Звукот се префрла во моно, но интерференциите се намалуваат.
- [Dual Sound] дотерувањето е меморирано за секоја програма
- Не може да слушате стерео пренос кога е избрано [Mono] .

Совет
- Ако изберете друга опрема поврзана со ТВ, дотерајте [Dual Sound] во [Stereo], [A] или [B].

### Дополнителни дотерувања
